Република Македонија
Центар за стручно образование и обука
СКОПЈЕ

| Примено: | 17.11.2010 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1318 | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-547/5
17. 11. 2010 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" број 58/00, 44/02 и 82/08), член 22 став 2 од Законот за средното образование ("Службен весник на Република Македонија" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03,67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08 и 33/10) и член 7 алинеја 5 од Законот за стручно образование и обука ("Службен весник на Република Македонија" број 71/06, 117/08 и 148/09), министерот за образование и наука го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за донесување измени и дополнувања на наставните планови за спортска гимназија**

1. Со ова решение се донесуваат измени и дополнувања на наставните планови за спортска гимназија, и тоа:

**1.1** Изведбениот наставен план за спортска гимназија – академски пакет Б и изведбениот наставен план за спортска гимназија – професионален пакет В, престануваат да важат.

**1.2** Изведбениот наставен план за спортска гимназија – академски пакет А, се менува и дополнува, и тоа:

- Во заедничкостручното подрачје од **Наставниот план за II година** се брише наставниот предмет **Кинезиологија,** застапен со неделен фонд од три часа, а на негово место се воведува наставниот предмет: **Основи на психомоториката** со неделен фонд од два часа;
- Во изборното наставно подрачје од **Наставниот план за II година** се бришат изборните наставни предмети: **Основи на теоријата и методиката на спортот и Основи на менаџментот,** а се воведуваат наставните предмети: **Пливање и Спортска педагогија** со неделен фонд од по три часа.
- Во заедничкостручното подрачје од **Наставниот план за III година** се брише наставниот предмет **Кинезиологија** застапен со неделен фонд од четири часа, а на негово место се воведуваат наставните предмети: **Теорија и методика на спортскиот тренинг, Теорија и методика на физичкото образование и Основи на психомоториката** со неделен фонд од по два часа;
- Во изборното наставно подрачје од **Наставниот план за III година** се бришат изборните наставни предмети: **Спортска педагогија и Основи на биомеханиката** застапени со неделен фонд од по три часа, а на нивно место се воведуваат изборните наставни предмети: **Атлетика, Гимнастика, Социологија на спортот и Спортски менаџмент** со по два часа неделен фонд и **Пливање** застапен со неделен фонд од три часа, од кои ученикот избира три наставни предмета.
- Во заедничкостручното подрачје од **Наставниот план за IV година** се брише наставниот предмет **Кинезиологија** застапен со неделен фонд од четири часа, а на негово место се воведуваат наставните предмети: **Теорија и методика на спортскиот тренинг и Теорија и методика на физичкото образование** со неделен фонд од по два часа;

Арх. знак 07
Рок на чување трајно
17.11.2010 год.
Потпис

- Во изборното наставно подрачје од **Наставниот план за IV година** се бришат изборните наставни предмети: **Методика на спортот** застапен со неделен фонд од три часа, **Спортска медицина** застапен со неделен фонд од четири часа и **Спортски менаџмент** застапен со неделен фонд од два часа, а на нивно место се воведуваат изборните наставни предмети: **Атлетика, Гимнастика, Боречки спортови и Основи на биомеханиката** застапени со по три часа наделен фонд од кои ученикот избира три наставни предмета.

**2.** Составен дел на ова решение се изменетите и дополнети наставни планови за спортска гимназија, наведени во точката 1 од ова решение.

**3.** Изменетите и дополнети наставни планови за спортска гимназија, од точка 1 од ова решение, ќе се применуваат од 01.09.2010 година.

**4.** Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението број 07-547/3 од 01.10.2010 година.

**5.** Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

**Образложение**

Во согласност со член 7 алинеја 5 од Законот за стручно образование и обука ("Службен весник на Република Македонија" број 71/06, 117/08 и 148/09) и член 22 од Законот за средното образование ("Службен весник на Република Македонија" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03,67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08 и 33/10), министерот за образование и наука донесува национални наставни планови и програми. Изменетите и дополнети наставни планови се изработени од страна на Центарот за стручно образование и обука, врз основа на заклучоците на работната група составена од претставници од Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, Факултетот за физичка култура и од Државното училиште за физичка култура "М.М.-Брицо", а кои се содржани во Записник број 03-737 од 23.09.2010 година.

Согласно со горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот.

**МИНИСТЕР**
**Никола Тодоров**

Изготвил: Апостоловска Билјана
Одобрил: Зекир Зекири

**Доставено до:**
1. Центарот за стручно образование и обука;
2. Архивата

# НАСТАВЕН ПЛАН ЗА СПОРТСКА ГИМНАЗИЈА

| Реден број | ПРОГРАМСКИ ПОДРАЧЈА И НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ | Застапеност изразена во часови | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I година | | II година | | III година | | IV година | |
| | | нед | год | нед | год | нед | год | нед | год |
| **I.** | ***ЗАДОЛЖИТЕЛНО***<br>**а) Општообразовни предмети** | **32 (34)** | | **27 (29)** | | **20 (22)** | | **17 (19)** | |
| 1.(1)<br>(2) | -Македонски јазик и литература, а за учениците од другите заедници: албански, турски или српски јазик и литература<br>- Македонски јазик за учениците од другите заедници | 4<br>(2) | 144<br>(72) | 4<br>(2) | 144<br>(72) | 4<br>(2) | 144<br>(72) | 4<br>(2) | 132<br>(66) |
| 2.(3) | Математика | 4 | 144 | 4 | 144 | 2 | 72 | 2 | 66 |
| 3.(4) | Прв странски јазик | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 99 |
| 4.(5) | Втор странски јазик | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 66 |
| 5.(6) | Историја | 2 | 72 | 2 | 72 | | | | |
| 6.(7) | Географија | 2 | 72 | 2 | 72 | | | | |
| 7.(8) | Физика | 2 | 72 | 2 | 72 | | | | |
| 8.(9) | Хемија | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | | |
| 9.(10) | Биологија | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | | |
| 10.(11) | Социологија | | | 2 | 72 | | | | |
| 11.(12) | Филозофија | | | | | | | 3 | 99 |
| 12.(13) | Информатика | 2 | 72 | | | | | | |
| 13.(14) | Психологија | | | | | 2 | 72 | | |
| 14.(15) | Спорт и спортски активности | 2 | 72 | 2 | 72 | 3 | 108 | 3 | 99 |
| 15.(16) | Уметности | 2 | 72 | | | | | | |
| | **б) Општообразовни предмети во функција на спортот** | **3** | **108** | | | | | | |
| 16.(17) | Основи на кинезиологија | 3 | 108 | | | | | | |
| **II.** | **ЗАЕДНИЧКО СТРУЧНО** | **/** | **/** | **2** | **72** | **6** | **216** | **4** | **132** |
| 1. | Теорија и методика на спортскиот тренинг | | | | | 2 | 72 | 2 | 66 |
| 2. | Теорија и методика на физичко образование | | | | | 2 | 72 | 2 | 66 |
| 3. | Основи на психомоториката | | | 2 | 72 | 2 | 72 | | |
| **III.** | **ИЗБОРНА НАСТАВА[1]** | **/** | **/** | **3** | **108** | **6-7** | **216-252** | **9** | **297** |
| 1. | Пливање | | | 3 | 108 | 3 | 108 | | |
| 2. | Атлетика | | | | | 2 | 72 | 3 | 99 |
| 3. | Гимнастика | | | | | 2 | 72 | 3 | 99 |
| 4. | Социологија на спортот | | | | | 2 | 72 | | |
| 5. | Спортски менаџмент | | | | | 2 | 72 | | |
| 6. | Боречки спортови | | | | | | | 3 | 99 |
| 7. | Основи на биомеханика | | | | | | | 3 | 99 |
| 8. | Спортска педагогија | | | 3 | 108 | | | | |
| | I + II + III ВКУПНО | **32 (34)** | | **32 (34)** | | **32-33 (34-35)** | | **30 (32)** | |
| **IV.** | **ФАКУЛТАТИВНА НАСТАВА[2]** | **до 4** | | **до 4** | | **до 4** | | **до 4** | |
| **V.** | **ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ** | | **70** | | **70** | | **70** | | **66** |

[1] -Ученикот од понудените два наставни предмети во втора година избира само еден;
-Ученикот од понудените пет наставни предмети во трета година избира три наставни предмети;
-Ученикот од понудените четири наставни предмети во четврта година избира три предмети.
[2] -Во делот на факултативна настава на учениците ќе им бидат понудени содржини од скијање, планинарење и логорување, во завосност од интересот и можностите на учениците, за време на летниот и зимскиот распуст.